# архимандрит Јоаникиј

## (1839-1940)

*обидите да се дооткрие житието на новојавениот меѓу светите на нашата Света Црква, о. Јоаникиј од Ракотинци, секогаш и од разни погаѓалишта најпосле упатуваат на* истражувањата на *архимандритот Методиј Златанов, чиј автентичен запис од сведоштвата на селаните во Ракотинци ви го пренесуваме подолу. Од големиот недостаток на физичките генералии како што трагајќи по ликот на преподобниот наш отец Јоаникиј ќе се соочиме, внатрешно може да се наслушне потребата или повикот на светиот да му пристапиме и да го сретнеме на начин духовен, молитвено. Светиот Синод на МПЦ неодамна го покрена прашањето на Неговото канонизирање...*

Селото Ракотинци се наоѓа во југозападниот дел на Скопската котлина, на територијата на општина Сопиште, оддалечена 7 километри од Скопје. Селото е ридско, на надморска височина од 480 м. Атарот на селото зафаќа 9,7 км$^2$. Селото е средно по големина. Во 1961 година броело 541, а во 1994 година 576 жители. Во село Ракотинци има основно училиште, разни услужни дејности, мошне стара црква посветена на Успение на Пресвета Богородица (за која не се знае во кој период е изградена) и манастир на св. Илија, сместен во југозападниот дел од селото, во кој се наоѓа гробот на отец Јоаникиј. Разговорот за сеќавањата на преподобниот е воден на неколку места во Ракотинци на 27 јуни 2003 г. Соговорници: Трпевски Спасе, роден 1955, Трајковски Боне, роден 1906, Јовески Ванчо, роден 1919 година. **Архимандритот Јоаникиј** е роден 1839 година во пределите на Егејска Македонија, од каде според зборовите на нашите сведоци пристигнал во селото Ракотинци, во своите млади години (носејќи со себе едно мало дете). На прашањето за физичкиот изглед и за однесувањето на отец Јоаникиј добивме интересни одговори од двајца соговорници. Така на пример, Спасо Трпев вели: „Човек со низок раст, мирен, воопшто не бил агресивен, со блага душа... ги прифаќал луѓето било за лошо било за арно... ќе ги смири". Дедо Ванчо го опишува како „полн на лице, кус, со прцел (реп)".



Селаните велат дека дошол од некој грчки манастир, купил големо парче земја (20 декари), каде што го издигнал манастирот со конаците, коишто селаните ги нарекуваа „згради", што укажува на нивната големина. Некои дури овој манастир го споредуваа со Марковиот манастир во големината, во градбата и фрескописот. Единствен пристап до манастирот имало со дрвен мост, што сведочи за неговата убава местоположба покрај реката.



Отец Јоаникиј, според зборовите на селаните „бил многу образуван и способен човек", покрај манастирот тој зад себе оставил и многу други дела и градби...
Од нив како најголем изум, за тогашните селани непознат и многу уникатен, ја издвојуваат единствената селска воденица управувана од еден коњ.
Со ова тој многу придонел за егзистенцијата не само на манастирскиот комплекс но и на целото село. Покрај коњот, имало „два ѕевгара волови", а се чувала и друга стока.
Отец Јоаникиј не живеел сам. Во манастирот освен малото детенце со коешто пристигнал, имало уште и тројца монаси, ...и еден селанец (Трајче Јанкоски) со неговото семејство, му прислужувал до крајот на животот како манастирски момок.
Интересен е податокот за отворањето на училиште во рамките на манастирскиот комплекс, што ни кажува за сестраната едукација на отец Јоаникиј и за неговиот духовен и интелектуален ангажман.

Самиот пишувал книги, кои сè уште не се отпечатени и се разнесени на различни места. Некои од нив се чуваат во Богословскиот факултет во Скопје (на пример една Лекаруша, зборник со практични совети од природната медицина, во кој отец Јоаникиј ги забележал своите искуства и сознанија од оваа област), а дел ги зел некој свештеник.

Во училиштето, учениците ги изучувале буквите - значи ги воведувал и ги поучувал во правилата на елементарната писменост. Селаните со радост си припомнуваат за големите празници: „Причесна за Велигден ни даваше... Ќе постевме, мрсно не јадевме...", „Постот е пола здравје", вели дедо Боне. Тој напомнува дека на празникот на св. Илија овде се собирал многу народ, доаѓале луѓе и од околните села на манастирската слава.

Го викале дедо аџија Јованикиј, со голема почит му се обраќале, крај него убаво се чувствувале... „Прво него, па и манастирот го поштуеле", вели Ванчо Јовески.
Богослужби имало секоја недела. Отец Јоаникиј служел и во двете цркви, и во св. Илија и во Пресвета Богородица, во селото.

„Тој си правеше Закон /Литургија/ во Црквата, секоја недела редовно", а потоа „во матерницата почастује со кафе".

Селаните го викале за секој настан, во зло и во добро, а тој на тие средби ги хранел со духовна храна. Така на пример го викале на ручек, најчесто кога ги стрижеле овците; ќе благослови па ќе започне: „Луѓе слушајте ваму, каков век иде, што пишува во Евангелието? Најпрво ќе исушат бресјата, ќе загинат водите, ќе има војни, поштујте празниците, немојте да го кодошите комшилукот...”

Лесно може да ја согледаме неговата миротворна функција со која според образот на Спасителот и тој носел мир меѓу луѓето околу себе. „Помагаше во сѐ. Во негово присуство не сме се карале, сме се сакале. Он во најлошото го чувал народот, ...бил сѐ.”
Велат во турско го чувал селото.
Уште еден интересен податок е тоа дека и Турците доаѓале кај него да се советуваат. На нашето прашање: „На каков друг начин му помагаше на народот?” Спасе Трпевски вели: „Бил прозорлив, ќе им рече на селаните ‘луѓе ќе врне, не одете на жетва утре’ - и навистина ќе заврнело.”

Зборувал и за манастирот, дека по неговата смрт постои опасност да падне. Тоа и навистина се случило, според сеќавањата на истиот Спасе „манастирот има паднато од подземни води” (околу 1948).

На местото на старата црква изградена е нова, која се разликува од првата според нејзината големина и изглед (помала е и личи на соба).

Се чини дека за прифаќањето на „аџијата” од страна на селаните најмногу придонела неговата способност за лекување. Тој им помагал во болести не само на селаните, но и на стоката. Бил единствениот лекар во селото и нему му се обраќале во секоја мака. Највпечатлив е податокот дека лечел со молитва: „Аџијата ќе му прочита и ќе го излечи”. „Беше многу добар човек”, вели дедо Боне, најстариот жител во селото кој се сеќава на него (1906).

Пред да се упокои, на местото каде што пребивал, започнал сам да си ја прави гробницата, а кога селаните го мoлеле да му помогнат во копањето тој возвраќал со зборовите: „Таа е лично за мене, сам ќе си ја направам”.



ПРЕД ГРОБОТ НА ПРЕПОДОБНИОТ АРХИМАНДРИТ

Погребан бил во манастирот, но штом се случило паѓањето заради лизгањето на земјиштето, пренесен е во црквата на Пресвета Богородица. Како што велат селаните, десет години бил оставен на милост и немилост на околностите, но благоразумноста, почитта и љубовта кон отец Јоаникиј од страна на селаните допрва доаѓа до израз.



Согледувајќи ги временските неприлики на коишто било изложено нераспадливото тело на о. Јоаникиј, како и потребата тоа да се наоѓа на вистинското место, селаните, под водство на Црковниот одбор, апелирале до Архиепископијата телото да се врати во манастирот (каде што било претходно).

Нивната молба е услишена. На опелото присуствувале поголем број свештеници (околу десетина), а го извршил Архиепископот Михаил во својата длабока старост, а чии сеќавања полека бледнеат пред немилоста на времето. Но овој податок треба да нè мотивира кон позабрзано и подлабоко понирање во истражувањето, со надеж за доаѓање до подрагоцени податоци, со кои ќе го дополниме мозаикот од ликот на отец Јоаникиј.

Едно е сигурно, дека секој од селаните што го познавале, дури и помладите коишто само слушале за отец Јоаникиј, со огромна љубов и почит зборуваат за неговото дело.
Се прашувам, зарем не беа бесмислени напати поставените прашања од типот: ‘постевте ли?’, ‘одевте ли во Црква на Литургија?’, за луѓе што живееле здрав духовен живот под раководство на таква света душа?

Сево ова јасно ни дава до знаење дека духот на времето во кое живеел отец Јоаникиј е сочуван, а љубовта со која топло, татковски овој пастир го прегрнал своето стадо, сè уште пулсира во срцето на народот, пренесувајќи се и преумножувајќи се во срцата на новите поколенија од селото Ракотинци и преизобилно исполнувајќи го срцето на сите оние коишто со искреност пристапуваат во овој благословен предел, каде што се чини како злото да не допира, под заштитничка молитвена закрила на отец Јоаникиј.